РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08-7347/2
25-09-2023 год.
СКОПЈЕ

Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ ССКО
Бр. 96-03/23
25-09-2023 год.

СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 180/2-09/23
25.09.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 3/06,44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09,10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12,13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15,72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21, 288/21 и 288/21), а в.в со член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20) и член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија", број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Службен весник на РСМ 154/2023) член 150 и 151 од Колективниот договор на ниво на работодавец – Општина Аеродром Скопје број 08-5539/1 од 19.07.2022 година, Општина Аеродром претставувана од градоначалникот Тимчо Муцунски од една страна и Претседателот на Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ Зоран Антовски како и Претседателот на Синдикалната Организација на Општина Аеродром Жарко Костески, од друга страна, на ден 25.09.2023 година, склучија во Општина Аеродром

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА НИВО НА РАБОТОДАВЕЦ ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Колективен договор се врши измена и дополна на Колективниот договор на ниво на работодавец – Општина Аеродром Скопје број 08-5539/1 од 19.07.2022 година и Колективниот договор за измена и дополна на Колективен договор на ниво на работотдавец Општина Аеродром – Скопје, број 08-2073/1 од 22.03.2023 година.

## Член 2

Членот 8 од Колективниот договор на ниво на работодавец – Општина Аеродром Скопје број 08-5539/1 од 19.07.2022 година се менува и гласи:

(1) Оправдани причини на работникот за нестапување на работа на денот определен со договорот за вработување, односно решението, се: - отсуство од работа поради смрт на син, ќерка, мајка, татко, брат, сестра и брачен другар, во траење предвидено со колективен договор; - привремена спреченост за работа поради болест или повреда, во согласност со закон и колективен договор; - покана од надлежен орган и - други случаи утврдени со колективен договор, договор за вработување и решение за вработување.
(2) За причините од ставот (1) на овој член, работникот е должен писмено или електронски да го извести работодавачот во рок од 24 часа, започнувајќи од денот кога требало да се јави на работа.

(3) Работникот е должен да стапи на работа наредниот ден по денот на завршувањето на оправданата причина од ставот (1) на овој член, во спротивно ќе се смета дека работниот однос не е заснован“.

Член 3

Членот 83 од Колективниот договор се менува и гласи:

(1) Работникот има право на годишен одмор во текот на една календарска година во траење од најмалку 20 работни дена.

(2) Годишниот одмор на вработениот се определува според следните критериуми:

Должина на работен стаж, најмногу до три дена:
- над една година до 10 години работен стаж, еден (1) работен ден;
- над десет (10) години до дваесет (20) години работен стаж, два (2) работни дена и
- над дваесет (20) години работен стаж, три (3) работни дена.

2. Сложеност на работа, согласно нивото на степенот на образование:
- работи од I-III степен сложеност, еден (1) работен ден;
- работи од IV-V степен сложеност, два (2) работни дена и
- работи од VI-VIII степен на сложеност, три (3) работни дена.

3. Други социјални и здравствени околности:
- инвалид, три (3) работни дена;
- работник со најмалку 60% телесно оштетување, три (3) работни дена;
- самохран родител или старател на дете до 15 години, дополнителни три (3) работни дена и
- самохран родител, родител или старател на дете со посебни потреби, дополнителни четири (4) работни дена.

(3) Повозрасен работник од 57 години (жена) и 59 години (маж) има право на уште три (3) работни дена годишен одмор.

(4) Основите од ставовите (2) и (3) на овој член, меѓусебно не се исклучуваат.

(5) Со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група, односно на ниво на работодавач, можат да се утврдат и други критериуми со кои ќе се определува должината на траењето на годишниот одмор.

Член 4

Во членот 88 став 1 од Колективниот договор бројот „7“ и зборот „(седум)“ се менува и ќе гласи „10“ (десет) :

Член 5

По членот 97 од Колективниот договор се додаваат два нови члена 97-а и 97 – б кои гласат:

Член 97-а

(1) Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор е составена од: -просечна бруто плата и - коефициент на сложеност на работното место.
(2) Просечна бруто плата е просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.
(3) Коефициент на сложеност на работното место се утврдува со закон или колективен договор.
(4) Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се пресметува на начин што просечната бруто плата се множи со коефициентот на сложеност на работното место.

Член 97-б

(1) Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2023 година.
(2) Доколку индексот на трошоците на живот во првите шест месеци во 2024 година, споредено со индексот на трошоците на живот за првите шест месеци во 2023 година надминува 3%, основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува во процентуален износ за разликата до 3%.
(3) Процентот на пораст на платата од ставот (2) на овој член се применува со исплатата на платата за месец септември 2024 година.

Член 6

(1) Начинот на пресметување на бруто платата согласно член 97- а од овој колективен договор, започнува да се применува од 01.03.2025 година.
(2) Страните на овој колективен договор се обврзуваат да склучат спогодба со која ќе ги утврдат коефициентите на сложеност на работното место (на две децимали), најдоцна до декември 2024 година.
(3) страните на овој колективен договор во рокот утврден во ставот (2) на овој член, не склучат спогодба, коефициентот на сложеност на работното место се пресметува на начин што основната бруто плата на вработениот исплатена за месец септември 2023 година се става во однос со просечно исплатената бруто плата по вработен за 2023 година, согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, зголемен за 5%.
(4) Коефициентот на сложеност на работното место ќе се усогласува со номиналниот раст на БДП, доколку истиот е понизок од растот на просечната бруто плата.

(5) Доколку растот на номиналниот БДП е негативен, платите не се намалуваат.

Член 7

(1) Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб-страницаата на потписниците.
(2) Оваа измена на колективен договор стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување.

Датум 25.09.2023 година,  место: Скопје

| Синдикат на станбено-деловните комунални, локално-самоуптавни, водостопански и радиодифузни организации на РМ<br>Претседател,<br>**Зоран Антовски** | Општина АЕРОДРОМ<br>Градоначалник,<br>**доц. д-р Тимчо Муцунски** | Синдикална организација<br>на ОпштинаАеродром<br>**Претседател, Жарко Костески** |
|---|---|---|
| ССКО<br>Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ Скопје | Република Северна Македонија - Општина Аеродром • Скопје • | Синдикат на станбено деловни и комунални организации на Синдикална организација Општина Аеродром • Скопје • |

Примил: Б. Анжелиќ
Примил: